Арх.бр. УП1-15 176/2024

Дата...01...02...2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Крива Паланка се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка.**

Вкупната должина на трасата е околу 14,4 км. Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање изнесува околу 13,1 км.
Останатиот дел од трасата поминува низ опфати на издадени:

- Условите за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 4757, КП 4758 и КП 4398, КО Кркља, Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y41123.
- Услови за планирање на просторот за изградба на викенд населба во КО Б'с и КО Кркља, Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y50223.

Трасата се граничи со издадени:

- Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба нана викенд населба Локалитет Ловечка Куќа, Б'с и КО Кркља, Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y12616.
- Услови за планирање просторот за Локална урбанистичка планска документација за изградба на комерцијални и деловни намени на простор на КП 114/1, Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y12616., Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y05110.
- Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште ) на КП 114/3, КО Б'с, Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y54822.
- Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за изградба на туристичко – угостителски комплекс на КП 379, во КО Б'с, на локалитетот до Езерце, Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y10813.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Трасата се сече со издадени Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за реконструкција на надземен 10 (20) kV вод Манастир – делница Варовиште – Дервенџици, Општина Крива Паланка, со тех. бр. Y10815.

**Видот на пласнката документација да се усогласи со Законот на урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y51223** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Просторот за изградба на водоводна инфраструктура за "Калин Камен", КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, се наоѓа во водостопанско подрачје "Пчиња" кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од Македонско – Српската граница до вливот во реката Вардар.

Низ трасата на водоводната мрежа поминува времен водотек за кој при изработката на планската документација треба да се постапи согласно Законот за води.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот при изградбата на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

6. Дел од трасата навлегува во заштитено подрачје "Осоговски Планини" кое што е прогласено со Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје од категорија V – заштитен предел (Сл. Весник на РСМ, бр. 277/20). При изработка на документацијата за предметниот простор, да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, како и Одлуката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V-заштитен предел.

7. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита за земјоделското земјиште, а особено стриктното органичување на трансформацијата на семјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

8. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

01-02-2024

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Крива Паланка, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 55869 од 29.09.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка. Вкупната должина на трасата е околу 14,4 км.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 176/2024 од 29.01.2024 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил:Дајана Марковска Ристеска
Д. Марк



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk